Бр. 12-573/4
21-03-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на шестата седница одржана на ден 20 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12- 573/1 од 19.02.2019 година.

Предметот со број 12- 573/1 од 19.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12- 573/1 од 19.02.2019година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Добиената пријава содржи наводи за злоупотреби од страна на селекторот на државна репрезентација во спортско стрелаштво во однос на начинот за избор на членовите во составот на државната репрезентација кои ќе учествуваат на официјалните државни и меѓународни натпревари.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во предметниот случај се работи за прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, за што ДКСК нема законска надлежност да се произнесува и постапува по што оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување по овој предмет. Државната комисија за спречување на корупцијата ќе го упати подносителот на пријавата да побара постапување од надлежните институции во врска со предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk